ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 04-1067/8
**Датум:** 21.11.2023

Врз основа на член 9 став (1) точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/15, 192/15, 27/2016 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и член 8 став 13 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија број 01-690/1 од 03.06.2021 година, а во врска со Извештај број 04-1084/2 од 20.11.2023 година за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Самостоен ревизор за ревизија на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи и државното правобранителство, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 04-1084/1 од 10.11.2023 година, по објавен Интерен оглас за унапредување заверен под број 04-1067/2 од 08.11.2023 година, Главниот државен ревизор донесе:

# ОДЛУКА

**За избор на кандидат за унапредување на работно место Самостоен ревизор за ревизија на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи и државното правобранителство со шифра на работно место РЕВ 01 01 В01 001**

1. По спроведената постапка за селекција за унапредување на еден кандидат на работно место **Самостоен ревизор за ревизија на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи и државното правобранителство со шифра на работно место РЕВ 01 01 В01 001**, по Интерен оглас заведен под број 04-1067/2 од 08.11.2023 година, се избира кандидатот Халит Рамадани.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на интернет страницата на Државниот завод за ревизија и на огласната табла на Државниот завод за ревизија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со реализација на Годишниот план за вработување за 2023 година на Државниот завод за ревизија и претходно добиено Известување за обезбедени средства во буџетот на Државниот завод за ревизија за унапредување број 47-831/3 од 21.08.2023 година, објавен е Интерен оглас за унапредување заверен под број 04-1067/2 од 08.11.2023 година, за унапредување на еден кандидат на работно место Самостоен ревизор за ревизија на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство,


INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED

казнено – поправните установи и државното правобранителство со шифра на работно место РЕВ 01 01 В01 001.

Согласно Извештај број 04-1084/2 од 20.11.2023 година за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Самостоен ревизор за ревизија на субјекти од областа на правдата, правосудството, јавното обвинителство, казнено – поправните установи и државното правобранителство, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 04-1084/1 од 10.11.2023 година за работното место за кое е објавен интерниот оглас, вработениот Халит Рамадани, кој ги исполнува општите и посебните услови за работното место, и ги дал потребните одговори на поставените прашања на интервјуто одржано на 20.11.2023 година, по што Комисијата поднесе предлог до Главниот државен ревизор за донесување Одлука за избор на вработениот Халит Рамадани за унапредување на наведеното работно место.

Во согласност со член 8 став 13 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија, Главниот државен ревизор ја донесе оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во Втор степен, во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатите и објава на веб страната на Државниот завод за ревизија .

**Главен државен ревизор,**

**М-р Максим Ацевски**

Изработил: М-р Весна Богдановиќ
Одобрил: М-р Александар Поповски